# Голема риџа ти чинам




Голема риџа ти чинам ти Кирјо Марије и јас те поздравјам
да ми дојдиш на визита ,јас да те пречекам ) 2п

Не можам јас да дојдам ти Кирјо Марије и јас те поздравјам
ќе ти ја пратам сестра ми ,Кирја Катерина ) 2п

Чукна тропна на портата, истрча Деспина ја баци раката
во раката меџидија нишан за Деспина ) 2п
Нишан ти давам Деспино, да не ме заборавиш и јас те поздравјам
ти слатко да се послужиш, кафе да се напијеш ) 2п

Колку ѕвезди на небото, пушки ќе фрламе, ти Кирјо Марије
Деспина ќе ја грабиме никуј да не знае . ) 2п